Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

TOURIST
Your partner in travel

# САРДИНИЈА

Авион/ 8 дена/ 7 ноќевања

Сардинија е сместена во средината на Средоземното Море и е опкружена со многу мали острови. Од западната страна ја заплискува Сардиниското Море, а помеѓу Сардинија и Италија се простира Тиренското море. Главниот и најголем град е Каљари.
Сардинија со години претставува едно од најелитните и најпопуларните летувалишта во Европа. Во текот на својата бурна историја, многу народи го освоиле овој остров, оставајќи свои траги и влијанија кои се обединиле во единствен спој на култура и менталитет. Токму поради тоа, гордите жители на Сардинија велат дека ова е држава за себе.
Сардинија е единствен медитерански остров со недопрена природа, прекрасни бели плажи, смарагдно сино море, гламурозна ривиера..... Еден остров и милион епитети...

20. Јуни   СКОПЈЕ - БЕЛГРАД - АЛГЕРО
Состанок на групата на Аеродромот во Скопје во 13:45 часот. Полетување за Белград во 15:10 и пристигнување во 16:20. Полетување во 17:15 и пристигнување во Алгеро во 19:25 часот. Трансфер до хотелот и сместување. Ноќевање.

21. Јуни   АЛГЕРО
Појадок. Прошетка во Алгеро, градот кој уште го нарекуваат и „Мала Барселона“. Тука жителите зборуваат каталонски, а натписите на улиците и менијата се двојазични. Историскиот дел на градот е заокружен со ѕидини и кули, од времето на шпанското владеење. Лавиринтот со живописни улици се протега се до главниот плоштад, каде се наоѓа катедралата Света Марија од 16 век, улицата Виа Карло Алберто со црквата Сао Франческо, еден од најзначајните барокни објекти на Сардинија - црквата Сан Микеле. Алгеро е познат и по изработката на корален накит. Попладне, слободно време за уживање на плажа. Ноќевање.

22. Јуни   АЛГЕРО - САСАРИ
Појадок. Слободно време за уживање на плажа. Препорачуваме попладневна посета на Сасари, вториот град по големина, на Сардинија, кој со својот уникатен и автентичен шарм е една од најомилените дестинации на туристите. Сасари е град на уметноста и историјата која датира од неолитскиот период. Има неколку плоштади од кој најзначаен е главниот плоштад Италија на кој доминира споменикот на Виктор Емануел. Прошетка низ историското јадро при со катедралата посветена на Св. Никола, ѕидините, црквата Св. Марија, плоштадот Меркато, фонтаната Росело... Враќање во хотелот во Алгеро во вечерните часови. Ноќевање.

23. Јуни   АЛГЕРО - ГОЛФО ПЕВЕРО или ПОРТО ЧЕРВО
Појадок. Трансфер до Голфо Перево во зоната на Коста Смералда – „Смарагдниот брег“, најпознатиот дел на италијанскиот брег и едно од најелитните и најпопуларните летувалишта во Европа. Брегот е полн со прекрасни песочни плажи, кристално чисто море, бујна медитеранска вегетација и живописни места. Пристигнување во избраниот хотел и сместување. Слободно време за уживање на плажа. Ноќевање.

Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

TOURIST
Your partner in travel

24 – 26. Јуни ГОЛФО ПЕВЕРО или ПОРТО ЧЕРВО
Појадок. Денови за плажа, прошетки, факултативни излети...Ноќевање.

27. Јуни АЛГЕРО - СКОПЈЕ
Појадок. Слободно претпладне за уживање на плажа. Организиран трансфер до аеродромот во Алгеро. Полетување за Белград во 20:10 часот. Пристигнување во Белград во 22:05 и полетување за Скопје во 00:50. Слетување во Скопје во 02:05 часот.

ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ ПО ЛИЦЕ ВО ДВОКРЕВЕТНА СОБА:

Хотел Riviera 4* Алгеро
3 Ноќевања со појадок и Хотел Piccolo Pevero 3* Порто Черво 4 Ноќевања со појадок
**1199 Евра**
Хотел Riviera 4* Алгеро 3 Ноќевања со појадок и Хотел Colonna Park 4* Порто Черво 4 Полупансиони (Појадок и Вечера)
**1388 Евра**
Хотел Riviera 4* Алгеро 3 Ноќевања со појадок и Хотел Grand 4* Порто Черво 4 Полупансиони (Појадок и Вечера)
**1499 Евра**

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:
Авионски превоз Скопје-Белград-Алгеро и Алгеро-Белград-Скопје
Вклучени аеродромски такси
Багаж за чекирање до 20кг и рачен багаж (ташна и 1 торба до 8 кг)
Трансфери според програмата
Сместување во хотел во Алгеро 3 ноќевања со појадок
Прошетка во Алгеро
Сместување во избраниот хотел во Порто Черво 4 ноќевања со појадок или полупансиони
Организација на аранжманот и придружник на патувањето

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:
Прошетка во Сасари 30 евра
Туристичка такса (се плаќа во хотелите на рецепција)
Влезници во музеите и културно историските споменици
Билети за јавен превоз
Патничко – здравствено осигурување

НАПОМЕНИ:
За реализација на аранжманот потребен е минимум од 15 патници
За овој аранжман важат Општите услови за патување на СКТМ
Цените се во евра, уплата се врши во денари по курс 1 евро = 62 денари
Пасошот треба да важи минимум 3 месеци по завршувањето на патувањето